-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

**Архивски број:** 04-5756/10
**Датум: 25.07.2025**

Врз основа на член 2 став 2 и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 , 199/14, 27/16 и 35/18 и Службен весник на РСМ бр.198/18, 143/19, 14/20 и 208/24), член 23 став 4 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 167/15, 27/16, 120/18, 110/19, и Службен весник на РСМ бр.267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25), член 188 став 5 и член 212 став 17 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.32/24) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-847/5 од 28.06.2019 година, 02-1612/2 од 27.11.2019 година, 02-6011/2 од 29.12.2020 година, 02-215/2 од 31.01.2023 година и 02-59/2 од 05.01.2024 година, В.Д.Директорот на установата донесе:

**О д л у к а**

За избор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга по пат на јавен оглас

1.За извршител на работното место, звање на работното место Водител на случај-Дипломиран социјален работник звање на работно место - стручен службеник од четврто ниво, шифра на работното место **СО30303А04020**, еден извршител во Службата за услуги од социјална заштита - Оддел за услуги од социјална заштита, вид на образование – Социјална работа и социјална политика, по јавен оглас за вработување бр.04/2025, **СЕ ИЗБИРА Јелка Кришан Неделковска**.

2.Именуваниот кандидат ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на интернет страната на ЈУМ ЦСР Велес и на Огласната табла на установата.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.19-6634/2 од 17.07.2025 година од Министерството за финансии доставено преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесена е Одлука за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас бр.04-5756/1 од 21.07.2025 година и е објавен Јавен оглас бр.04/2025 за пополнување на работно место со вработување бр.0401-5756/2 од 21.07.2025 година, објавен на ден 22.07.2025 година во два дневни весника од кои


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева" број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик – Нова Македонија и еден од весниците кои се издаваат на јазикот кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот – Коха, како и на интернет страната и на огласна табла на установата.

Со Одлука бр.04-5756/1 од 21.07.2025 година формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката на административна селекција на кандидатите и интервју. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за вработување изготви Записник од административна селекција бр.04-5756/4 од 25.07.2025 година и Записник од спроведено интервју со кандидатите бр 04-5756/8 од 25.07.2025 година, при што состави Финална ранг листа од одржана административна селекција за јавен оглас бр 04/2025, бр.04-5756-9 од 25.07.2025 година со предлог одлука за избор, кои ги достави до В.Д.Директорот на ЈУМ ЦСР Велес.

Врз основа на изготвената ранг листа и предлог одлуката, В.Д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Велес изврши избор и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка во работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на Одлуката за избор на кандидат..

Доставено до:
-Кандидатот
-Оддел за административни работи
-Архива

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Нада Трајкова**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева" број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk